Република Македонија
Министерство за финансии
Царинска управа

[redacted]

**Предмет:** **Известување за доставување на податоци за спроведување на практикантска работа**

Бр. 04-003514/19-0001
Скопје, 16.01.2019 год.
01.10.00.УП.001.03-ОБ.06.03

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

| Примено: | 24.01.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 190/1 | | |

22 01. 2019

Проф. д-р Љубомир Дракулевски
Декан
Економски факултет – Скопје
бул. „Гоце Делчев" бр. 9 Б
Скопје

**Царинска управа**
**Централна управа**

Лазар Личеноски 13
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3116 188
Факс:++ 389 2 3237 832
Е-пошта: info@customs.gov.mk
Веб страна: www.customs.gov.mk

Почитуван г. Дракулевски,

Врз основа на Меморандумот за деловно – техничка соработка помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Економскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј – Скопје, Ве информираме дека Царинската управа и во 2019 година планира да прими студенти од Вашиот факултет кои ќе извршуваат практикантска работа во Царинската управа.

Практикантската работа во Царинската управа ќе се врши во период од март до ноември во времетраење од најмалку 5, а најмногу 30 работни дена. Истата се спроведува од понеделник до петок и тоа не помалку од 2 часа ниту повеќе од 6 часа во текот на 8 часа работно време.

За остварување на практикантската работа во Царинската управа, Секторот за управување со човечки ресурси подготвува Годишна програма, која опфаќа: број на студенти, период на практикантска работа, организациони единици во Царинската управа каде студентите ќе ја извршуваат практикантската работа, број на денови и број на часови на практикантска работа за студентите и распоред на конкретни активности кои е потребно да ги извршуваат студентите за време на практикантската работа.

Со цел навремена подготовка на Годишната програма за практикантска работа за 2019 година, љубезно замолуваме за доставување на следните податоци:

- Список на студенти кои во 2019 година ќе остваруваат практикантска работа во Царинската управа,
- Место на изведување на практикантската работа

[redacted]

2

- Период на практиканската работа
- Број на часови на практикантска работа по студент

Напоменуваме дека можете да упатите најмногу 20 студенти кои ќе ја извршуваат практикантската работа во Царинската управа во 2019 година.

Овие податоци потребно е да бидат доставени до Секторот за управување со човечки ресурси, Одделение за обуки, најдоцна до 11.2.2019 година.

По изготвувањето и донесувањето на Годишната програма за практикантска работа за 2019 година, Царинската управа ќе Ви достави детален распоред на студентите со времетраење и место на изведување на практикантската работа за 2019 година.

Доколку Ви се потребни дополнителни информации, контакт лице во Царинската управа е Жаклина Андреска, началник на Одделение за обуки, телефон за контакт: 070 279 114, e-mail: zaklina.andreska@customs.gov.mk.

Со почит,

м-р Ѓоко Танасоски

Директор